ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА КАЈ ОПШТИНА СТРУГА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2019 07 02/2

**Скопје, октомври 2019 година**

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 20 |
| Финансиски извештаи за 2018 и 2017 година | |
| Основен буџет на сметката 637 | |
| Биланс на приходи и расходи | 21 |
| Биланс на состојба | 22 |
| Промени на капиталот | 23 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 24 - 25 |
| - Сметководствени политики | 25 - 28 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 28- 34 |

Прилози
Забелешки на нацрт извештај
Одговор на забелешки

Кратенки користени во извештајот:

РСМ –Република Северна Македонија;
МТСП – Минстерство за труд и социјална политика;
РКЕ – Регулаторна комисија за енергетика;
ЕЛС –Единица на локална самоуправа;
ЈКП –Јавно комунално претпријатие;
ЈП – Јавно претпријатие;
МЈП – Меѓуопштинско јавно претпријатие;
ЈПП–Јавно приватно партнерство;
ЈП–Јавен партнер;
ПП–Приватен партнер;
ЗАС – Закон за административни службеници
ДУИ–Државниот управен инспекторат

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:13-114/10

Дата: 04.10.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Струга за 2018 година.

Ревизијата изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2018 година и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива .

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Општина Струга за 2009 година и издаден е извештај во кој е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Струга сметка на основен буџет (637), за 2018 година, е констатирано следното:

- извештајот за извршениот годишен попис во Општина Струга со состојба на 31.12.2018 година е усвоен со задоцнување;
- не се склучени договори со јавни претпријатија со кои ќе се дефинираат меѓусебните права и обврски, со цел реализирање на обврските во делот на одржување на јавната чистота, како и исплатата на средства за

одржување на јавната чистота без утврден вид и обем на работите, дефинирани цени на услугите како би можеле да ја потврдиме точноста на испорачаната услуга;
- извршениот попис на средствата и обврските не е целосен и квалитетно извршен, а се однесува на земјиште, градежни објекти, материјални средства во подготовка (инвестиции во тек) и обврските, со кои располага Општината. Истиот се заснова на сметководствените податоци искажани во деловните книги;
- неправилно евидентирани материјални средства, неизвршена процена на дел од материјалните средства, како и неевидентирани нематеријални средства;
- неусогласеност на аналитичката со синтетичката евиденција на обврските спрема добавувачите;
- склучување на договори за привремени вработувања кои не содржат пропишани елементи утврдени со законската регулатува, како и исплата на парични средства за привремено вработени лица над договорениот износ содржан во договорот;
- за исплатата на средства согласно Програмата за социјална заштита, до Советот на Општина Струга не е доставен извештај за реализираните средства.

Поради одземена документација од постапката за ЈПП, од страна на МФ-Управа за финансиска полиција за што е изготвен Записник, документацијата предмет на ревизија е доставена во фотокопии, при што не можеше да се утврди дали истата е целосна, поради што ревизијата не беше во можност да изрази мислење за начинот на спроведување на постапката и доделувањето на договорот.

Во делот - Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ја истакна утврдената состојбата со:
- изградбата на државен пат кој е во надлежност на ЈП за државни патишта во услови кога сметката на Општината е блокирана, поради што постои ризик од непредвидени финансиски обврски при реализација на овој проект и
- по склучени договори изградена е претоварна станица за комунален отпад и набавена е Опрема и инсталација, извршена е обука на вработените и извршено е примопредавање на опремата. Опремата се уште не е ставена во функција, не се врши транспорт на сметот, а договорот за транспорт е со изминат рок на важност, барањето за депонирање на мешаниот комунален отпад е одбиено од страна на Дрисла - Скопје ДОО Скопје.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.
Од одговорното лице градоначалникот на Општина Струга, на Нацрт извештајот на

овластениот државен ревизор, доставени се забелешки кои се однесуваат на точките 4.1.1.,4.1.2.,4.2.1.,4.2.3.,4.2.4. и 4.3.3. . Забелешките се разгледани и е оценето дека дел од истите не претставуваат забелешки туку претставуваат известувања за мерките кои ќе се преземат за надминување на состојбите , а дел не се прифаќаат бидејќи не се доставени нови докази кои би влијаеле на промена на констатациите.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 21 до 23 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Струга сметка на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2009 година при што е изразено неповолно мислење како за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година така и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на Општина Струга застапувано од:

- Д-р Рамиз Мерко – градоначалник од 06.11.2017 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели**, заснованост и период на вршење на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2019 година до 31.05.2019 година кај Општина Струга од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основниот буџет (637) на Општина Струга за 2009 година и е изразено неповолно мислење за финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на Општината - предмет на ревизија, на ден 22. 07.2019 година.
На ден 30.09.2019 година, од страна на одговорното лице градоначалникот на Општина Струга доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-114/8 од 27.09.2019 година. Забелешки се однесуваат на точките 4.1.1.,4.1.3.,4.2.1.,4.2.3.,4.2.4 и 4.3.3. Забелешките се разгледани и е оценето дека дел од истите не претставуваат забелешки туку известување за активностите кои ќе се преземат за надминување на состојбите. Дел од забелешките не се прифаќаат поради недоставени дополнителни докази кои би имале влијание на констатациите забелешката на точката 4.1.2. во делот на алинеја 8 делумно се прифаќа.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1.Пописната комисија изготвила Извештај за извршениот попис на основните средства и ситен инвентар (со дата 20.01.2019 година) и Извештај за попис обврските и побарувањата (со дата 27.02.2019 година) во Општина Струга со состојба на 31.12.2018 година. Разгледувањето и усвојувањето на истиот не е во законски предвидениот рок 10 дена пред крајниот рок за доставување на завршната сметка. Имено Извештајот за попис е усвоен со задоцнување на седница на советот од 16.04.2019 година, односно по усвојувањето и доставувањето на завршната сметка до надлежните институции. Како причина за задоцнетото усвојување е писменото барање од страна на Комисијата до стручните служби да ги наведат причините на неизмирени обврски, причините за ненаплатени побарувања и какви мерки се преземени за наплата на побарувањата од минати години, што не е во согласност со член 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да преземе активности со кои ќе се создадат услови за навремено усвојување на извештаите за извршен попис на средствата и изворите на средствата и усогласување на сметководствената евиденција со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата во годината за која е извршен пописот.

4.1.2. Во текот на 2018 година Општина Струга има објавено 4 огласи за унапредувања на административни службеници, при што ревизијата утврди непочитување на законски одредби во однос на спроведените постапки и тоа кај огласот 2/2018 и 3/2018. Имено, во членот 48 став 5 од Закон за административни службеници (ЗАС) предвидено е дека на интерен оглас за унапредување може да се пријави административен службеник кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место за соодветното ниво пропишани во овој закон и во актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да има поминато најмалку 2 години искуство на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Со увид во документацијата за спроведените постапки за унапредување на административни службеници констатиравме одредени состојби кои се однесуваат на интерните огласи 2/2018 и 3/2018 и тоа:

- интерниот оглас бр. 2/2018 е објавен за унапредување на 22 извршители. Комисијата за селекција и унапредувања изготвила финална ранг листа за 18 интервјуирани кандидати како и предлог одлука за избор на истите врз основа на што се донесени Одлуки за избор на кандидати;
- интерниот оглас бр.3/2018 е објавен за унапредување на 2 административни службеници (од кои едниот не ги исполнувал условите но е избран за раководно лице во Општината);
- од 18 унапредувања со интерниот оглас 2/2018 и 2 со интерниот оглас 3/2018 на административен службеник, вкупно 8 се неусогласени со условите предвидени во член 48 став 5, односно „на интерен оглас за унапредување може да се пријави административен службеник во случај кога е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас“ како и за работното искуство - предвидено е административниот работник да поминал најмалку 2 години искуство на тековното работно место;
- според член 14 од ЗАС, Агенцијата за администрација меѓу другото е надлежна за објавување на огласи како и за организирање на постапки за селекција на административни службеници, а согласно член 50 став 2 Агенцијата за администрација номинира член и заменик член од Секторот за селекција на кандидати за вработување кои се во состав на Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас на општината. Истите се номинирани и учествувале во работата на Комисијата, селекција, изготвување на финалната листа на кандидати за интервју и предлог листа за унапредување на административни службеници, потпишување на записник од спроведената постапка за унапредување кој е доставен до Градоначалникот со цел донесување на одлуки за унапредување;
- во тек на вршење на ревизијата Државниот управен инспекторат (ДУИ) во месец април извршил вонреден инспекциски надзор по пријава на група на вработени во општинската администрација на Општина Струга. Во записникот од извршен надзор ДУИ укажал да се преиспита постапката за унапредување на раководните работни места по однос на веродостојноста на податоците содржани во пријавите при тоа повикувајќи се на напомената во интерниот оглас 2/2018 „доколку кандидатот внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од понатамошна постапка“ што е предвидено и во член 48, став 5 од ЗАС. Комисијата за селекција и унапредување на административни службеници постапила по укажувањето на ДУИ при што недостатоците во постапката за унапредување на

административните службеници по оглас бр. 2/2018 се утврдени и констатирани во записник. Врз основа на записникот Градоначалникот на Општината преземал мерки - поништување на решенијата за унапредување и определување плата на административни службеници – раководители како и Одлуките за избор на кандидат за унапредување;

- од страна на ревизијата е укажано да се преиспита веродостојноста на податоците на сите унапредувања по однос на интерниот оглас 2, 3 и 4/2018. Од страна на Градоначалникот на Општината преземени се мерки и отпочнати се активности со цел надминување на утврдените состојби, односно до комисиите за селекција и унапредување на административните службеници доставено е итно барање за преиспитување на постапките за унапредување по однос на споменатите интерни огласи.

Според горенаведеното станува збор за непочитување на законската регулативата што упатува на ризик од пропусти во постапките за селекција и унапредување на административните службеници.

Со оглед на тоа што во тек на ревизијата се преземени мерки за преиспитување на постапките за селекција и унапредување на административни службеници ревизијата не дава препорака.

4.1.3. Согласно Законот за јавна чистота Советот на Општината донел Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Струга за 2018 година. Програмата ќе ја спроведуваат ЈП за комунални дејности: ЈП Комунално-Струга за Градот Струга, а одржувањето на јавната чистота за населените места ќе го вршат ЈКП Хигиена –Лабуниште, ЈП Октиси – Октиси и ЈП Водовод Делогожда – Делогожда. Општината со јавните претпријатија нема склучено договори со кои ќе се дефинираат меѓусебните права и обврски, со цел реализирање на обврските во делот на одржување на јавната чистота, што е спротивно на член 8 од Законот за јавна чистота. Планираните потребни средства за реализација на програмата се во вкупен износ од 10.778 илјади денари. Со увид во документацијата ревизијата го утврди следното:

- програмата за работа на ЈП Комунално –Струга содржи: одржување на јавна хигиена и одржување на паркови и зеленило (со цени по позиции), усвоена од страна на Советот на Општината, но не е извршено усогласување на Прегледот на улици по категории и нивна површина ($м^2$) со Програмата за јавната чистота на подрачјето на Општина Струга за 2018 година;
- во Програмата на ЈКП Хигиена - Лабуниште нема цени по позиции, односно не е определен начинот на формирање на цената за услугите и не содржи податоци за обемот на работите кои треба да се извршат;
- исто така во Програмата на ЈП Октиси – Октиси нема цени по позиции, односно не е определен начинот на формирање на цената за услугите

и не содржи податоци за обемот на работите кои треба да се извршат;

Исплатата на средства без утврден вид и обем на работите, дефинирани цени на услугите како би можеле да ја потврдиме точноста на испорачаната услуга, придонесува за постоење на ризик од ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства.

За време на ревизијата склучени се договори за 2019 година меѓу Општината и јавните претпријатија со кои се дефинираат меѓусебните права и обврски и цените на услугите, поради што ревизијата не дава препорака.

4.1.4. За изведени работи - Капитални инвестиции во периодот 2017 до 2018 година во вкупен износ од 25.367 илјади денари нема издадено Одобренија за градење за: изградба на водовод с. Горно Татеши и с. Долно Татеши, изградба на резервоар за вода за пиење со капацитет 700м$^3$ с. Лабуништа, изградба на пат до Лабунишки бачила во должина од 5,3 км, за дел од градбите одобрението за градење е старо од 2009 година и тоа: изградба на водовод с.Лабуниште и изградба на објекти на водоводен цевковод с.Лабуништа (комори, шахти).

Оваа состојба е спротивна на член 56 став 2 од Законот за градење, односно изведувањето на градби може да започне со издавањето на одобрение за градење, кое е правосилно во управната постапка, а градбите и деловите од градби изградени без одобрение за градење се бесправни градби.

Пуштање во употреба на градба без издадено одобрение за употреба може да доведе до непредвидени ризици по имотот и граѓаните во Општината.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општината при изведба на капитални објекти да преземе мерки и активности да се почитуваат одредбите од Законот за градење, односно за градбите да се издаде одобрение за градење како би можело да се пуштат градбите во употреба.

4.1.5. Во 2018 година Општина Струга има евидентирано расходи за репрезентација во вкупен износ од 4.464 илјади денари. Расходите се за угостителски услуги на Општината, организирање на прослави по повод културни манифестации и друго. Општината нема донесено интерен акт со кој ќе се регулира правото, начинот и постапката на користење на репрезентација. Во тек на ревизијата изготвен е и усвоен од Советот на Општина Струга интерен акт – Правилник за репрезентација, поради што ревизијата не дава препорака.

## 4.2 Финансиски извештаи

4.2.1. Пописот на средствата и изворите со состојба на 31.12.2018 година не е извршен на начин согласно одредбите од членот 31-а, 31-в и 33 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 21 од Законот за

сметководството на буџетите и буџетските корисници поради следното:

- извршен е физички попис на градежните објекти и опремата без да се изврши усогласување со сметководствената евиденција, и
- пописот на обврските е извршен со преземање на состојбите од сметководствената евиденција, без да се утврди правниот основ за нивното постоење, старосната структура, причините за неизмирените обврски и дали истите се утужени од доверителите.

Непреземањето на активности и мерки во согласност со законските и подзаконските акти кои го регулираат спроведувањето на пописот, предизвикува неможност да се утврди фактичката состојба на средствата и изворите на средствата и да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба и реално искажување на истите во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот во соработка со надлежните служби да преземе мерки и активности за организирање и извршување на пописот согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници при што да се обезбеди усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

4.2.2. Постојаните средства во Билансот на состојба проценети во износ од 131.306 илјади денари се нереално и необјективно прикажани како во сметководствената евиденција, така и во финансиските извештаи, и тоа:

- не е извршена проценка и евидентирање на доделениот недвижен имот согласно Решението 23-257/96 од 08.02.2000 година за пренесување право на сопственост на недвижен имот од РМ на Општина Струга за спроведување на делбен биланс меѓу РМ и Општина Струга и имотот на поранешните Општини: Лабуниште, Велешта, Делогожда и Луково доделен со Решение број 23-257/98, 23-257/100, 23-257/97, и 23-257/99 од 08.02.2000 година, чии територии припаднаа на Општина Струга согласно Законот за територијална организација на ЕЛС;
- на позицијата Градежни објекти искажана е почетна состојба во износ од 105.367 илјади денари, при што дел од објектите кои се завршени како улици, патишта, водоводни мрежи и слично а изградени во 2017 и 2018 година, не се евидентирани ниту во книгата на основни средства, ниту во сметководствената евиденција. На оваа позиција евидентиран е и Аванс во износ од 45.148 илјади денари што претставува 42,84% од позицијата Градежни објекти без да се разграничи за кои градежни објекти се однесува;

- на позицијата Материјални средства во подготовка искажана е почетна состојба во износ од 9.142 илјади денари кое салдо потекнува од 2016 година, при што дел од објектите градени во 2017 и 2018 година не се евидентирани како вложувања во материјални средства по објекти како зголемување или инвестиции во тек (ниту пак се вон билансно евидентирани).

Ваквиот начин на искажување на состојбите во сметководствената евиденција не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 5 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Оваа состојба има за ефект нереално искажани состојби на средствата и изворите на средствата и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Стручните служби да преземат мерки и активности:
- за објектите за кои постојат имотни листи да се изврши проценка на недвижниот имот доделен на Општина Струга и на Општините чии територии припаднаа на Општина Струга согласно Законот за територијална организација на ЕЛС, а утврдената вредност со процена сметководствено да се евидентира, а за останатите за кои нема имотни листови утврдената вредност да се искаже вон билансно до моментот на обезбедување на истите;
- со попис да се утврди за кои објекти се однесува дадениот аванс и истите сметководствено да се евидентираат, и
- вложувањата во материјалните средства за објекти кои не се завршени да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и по нивно активирање да се евидентираат на ставките за Материјални средства и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

4.2.3. Со ревизијата е констатирано дека постои неусогласеност помеѓу синтетичката и аналитичката евиденција на обврските кон добавувачите. Имено во синтетичката евиденција на обврските кон добавувачите и бруто билансот, како и билансот на состојба е искажан износ од 314.768 илјади денари, а во аналитичката евиденција на обврските кон добавувачите е искажан износ од 312.669 илјади денари или обврските во аналитичката евиденција се за 2.099 илјади помалку искажани од синтетичката евиденција. Ваквиот начин на евиденција не е во согласност со одредбите на член 7 став 2, член 12 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Наведеното има влијание на реалноста и објективноста на искажаните состојби на обврските во деловните книги и финансиските извештаи и постои ризик од неплаќање или два пати плаќање на одредени

обврски.

**Препорака:**
Стручните служби во Општината да преземат мерки и активности за реално утврдување на состојбата на обврските и усогласување на аналитичката и синтетичката евиденција.

4.2.4. Општина Струга во своето работење за потребите на сметководствената, даночната евиденција и архивското работење во изминатиот период има набавено повеќе софтвери. Со ревизијата е констатирано дека истите во сметководствената евиденција не се евидентирани поради што билансните позиции Нематеријални средства не се реално и објективно прикажани како во сметководствената евиденција, така и во финансиските извештаи.
Ваквиот начин на искажување на состојбите во сметководствената евиденција не е во согласност со член 7 и 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за последица нереално искажување на билансните позиции и финансиските извештаи.

**Препорака:**
Надлежните органи на Општината да преземат мерки и активности за формирање стручна комисија која ќе изврши попис на набавените софтвери, да ја утврди нивната вредност според која ќе бидат евидентирани во сметководствената евиденција.

## 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

4.3.1. Општина Струга во јуни 2011 година објавила Отворен повик[1] за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Струга.
Согласно спроведената постапка Јавниот партнер-Општината склучила Договор[2] за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Струга. Во Договорот е предвидена обврска приватниот партнер да ги плаќа сметките за потрошената електрична енергија за улично осветлување за цело времетраење на договорот. Времетраење на договорот е 12 години, и е на вкупен износ од 374.400 илјади денари (годишен надомест 31.200 илјади денари). Кон Основниот договор склучени се три анекс договори: анекс1[3] со кој што максималниот рок на

[1] Отворен повик бр. 1/2011, бр 13-39 од 15.07.2011 година
[2] Договор за ЈПП бр 13-39 од 09.11.2011 година
[3] Анекс договор бр. 13-39 од 04.05.2012 година

изведба од 2 месеци се заменува со рокот до 30.06.2012, анекс2[4] со кој јавниот партнер се обврзува дека ќе прифати промена на висината на месечниот надоместок само до висина на промената на цената на електричната енергија, согласно одлуката на РКЕ и анекс3[5] со кој јавниот партнер има обврска да ги плаќа месечните сметки за струја за потрошена електрична енергија за улично осветлување на Општината спрема АД ЕВН Македонија за цело времетраење на договорот и се менува (намалува) висината на надоместокот на годишно ниво на износ од 20.026 илјади денари.

Во врска со спроведената постапка, целокупната документација во оригинал е предадена/одземена од страна на Министерството за финансии Управа за финансиска полиција со Записник за примопредавање на оригинална документација[6], Потврди за привремено одземени предмети[7] и Записник за одземени предмети (списи)[8].

Исто така од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција до Биро за судски вештачења дадена е Наредба[9] за да се изврши економско-финансиско вештачење врз документацијата по оформен предмет КО бр. 33/17.

До денот на завршување на ревизијата документацијата не е вратена од страна на Управата за финансиска полиција (и нема Извештај по основ на истата), поради кое ревизијата имаше увид само во фотокопии на дел од документите за доделување на договорот за Јавно приватно партнерство.

Согласно горе наведеното ревизијата не беше во можност да изрази мислење за начинот на спроведување на постапката и доделувањето на договорот.

4.3.2. За 2018 година Општина Струга има пресметани и исплатени плати за привремено вработени лица во износ од 9.931 илјади денари. Со увид во документацијата врз основа на која се ангажирани лица за привремени вработувања (договори, пресметки, фактури) ревизијата ја утврди следната состојба:

- по спроведена постапка за јавна набавка на услуга за привремени вработувања за 2018 година, склучен е договор помеѓу Агенцијата за привремени вработувања и Општина Струга;
- според договорот, вкупните средства потребни за реализација на набавката не можат да надминат повеќе од 7.990 илјади денари, и истиот износ е предвиден и со Годишниот план за јавни набавки за 2018 година. За реализација на оваа набавка потрошени се 9.931 илјади

[4] Анекс договор бр. 13-39 од 31.12.2012 година
[5] Анекс договор бр. 13-39 од 23.05.2018 година
[6] Записник за примопредавање на оригинална документација бр. 05-3669/2 од 27.09.2016
[7] Потврди за привремено одземени предмети бр. 15-675/34 и 15-675/36 од 27.09.2016 година
[8] Записник за одземање на предмети (списи) бр. 15-675/35 од 27.09.2016 година
[9] Наредба до Биро за судски вештачења КО бр.33/17 од 18.05.2017 година

денари, односно 1.941 илјади денари исплатени се без да се спроведе соодветна постапка за јавна набавка и не предвидени средства со Годишниот план за јавни набавки, што не е во согласност со одредбите од член 2 и 26 од Законот за јавни набавки;

- договорот не содржи битни одредби предвидени во член 11 од Законот за Агенциите за привремени вработувања, односно член 26 од Законот за приватните агенции за вработување[10], како што се бројот на работници потребни на корисникот, потребни квалификации на работниците за извршување на работите, видот на работите кои ќе ги врши отстапениот работник, лице овластено од корисникот за застапување на работниците, начин и период во кој корисникот е должен да обезбеди средства за плата;
- пет од привремено вработените работници работат повеќе од неколку години на исти работни места, со тоа што во договорите склучени со Агенцијата за привремени вработувања е наведено различно работно место што не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања и член 24 став 2 од Законот за приватните агенции за вработување каде е пропишано дека договорот за отстапуваење на работник за вршење на исти привремени работи може да се склучи додека трае потребата, но не подолго од една, односно две години;
- договорот склучен помеѓу Агенцијата за привремени вработувања и работникот кој се отстапува на работодавачот (Општината) не содржи податоци за работникот, освен име и презиме и матичен број и не може да се види лицето што се упатува какви квалификации поседува, како и адреса на која живее;
- за реално утврдување за привремено вработените лица, ревизијата со допис на ден 10.05.2019 година се обрати до Општината да достави податоци од електронската евиденција за поодделни лица. До денот на ревизијата вакви податоци не се доставени со усно образложение дека дел од тие вработени се во месната самоуправа каде не се води воопшто ниту електронска, ниту рачна евиденција за присуство на работа.

Ваквата состојба создава ризик од ненаменско трошење на средства од буџетот за исплата на лица кои не извршуваат работи на определено време за потребите на Општината и можност од необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

[10] Законот за агенциите за привремени вработувања ( Сл. весник на РМ број 49/2006; 102/2008; 145/2010; 136/2011; 13/2013; 38/2014; 98/2015; 147/2015 и 27/2016) на сила до 28.06.2018 година. Од 28.06.2018 година стапува на сила Законот за приватните агенции за вработување.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општината во соработка со надлежните служби да ги преземе следните мерки и активности:

- реално утврдување на потребата од ангажирање на лица на определено време;
- договорите за привремени вработувања да ги содржат потребните елементи утврдени во законската регулатива, и
- следење на вредноста на склучените договори заради навремено преземање на мерки истите да не го надминат договорениот износ.

4.3.3. По изготвување на Програмата за активностите од областа на социјалната заштита истата е доставена до МТСП за добивање мислење согласно одредбите на член 11 став 3 од Законот за социјална заштита, но такво мислење не е добиено, а Советот на Општината ја усвоил на ден 28.12.2017 година. Со увид во документацијата врз основа на која се извршени исплати е констатирано следното:

- по склучен договор, со едно здружение на граѓани за 2018 година исплатен е месечен износ од 150 илјади денари, или вкупно за цела година 1.800 илјади денари, а во Програмата се предвидени 1.600 илјади денари;
- договорот не содржи одредби според кои ќе се обврзе здружението да поднесе деловен и финансиски извештај до органите на Општината, ниту пак таков извештај е поднесен од страна на здружението, иако во Програмата и во одредбите на член 49 од Законот за здруженија и фондации е утврдено дека по завршување на проектите секој корисник е должен до Советот на Општината да достави извештај за реализираните средства. Од страна на здружението доставен е Извештај но истиот не е доставен до Советот.

Утврдените состојби се спротивни на член 49 од Законот за здруженија и фондации и создаваат можност за субјективно постапување и одлучување при доделување на средствата од Буџетот на Општината и намалена транспарентност во работењето на Општината и ризик од исплата на средства без законски основ.

**Препорака:**

Стручните служби да обезбедат деловен и финансиски извештај до Советот за реализација на доделените средствата по завршување на проектите од страна на здруженијата и фондациите.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.1. до 4.3. кои се однесуваат на нецелосно извршен попис на материјалните средства, обврските, неусогласена аналитичка и синтетичка евиденција, неизвршена проценка на имотот со кој располага, неправилно евидентирани материјални средства, не евидентирани нематеријални средства во сметководствената евиденција.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи не ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Струга на сметката на основен буџет (637) на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Струга не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

5.1. Општина Струга има изработено два проекти за инфраструктура и тоа:

- Основен проект за реконструкција на постојна четворокрака крстосница во кружна крстосница помеѓу регионалниот пат Р1201 (Струга-Дебар) и регионалниот пат Р2243 (спој со регионален пат Р1201 - с. Дрслајца во Општина Струга) со техн.бр. 02-18/2 од 02/2018;
- Основен проект за реконструкција на постојна трокрака крстосница во кружна крстосница помеѓу магистрален пат А2 Струга-Ќафасан и улица Маршал Тито во Град Струга со техн.бр. 02-18/1 од 02/2018.

Планирање на реконструкција на горенаведените крстосници во кружни крстосници е поради следното:

- четворокраката крстосница се наоѓа на северната страна на излез од Градот Струга према Градот Дебар, на која крстосница се вкрстосува регионалниот пат Р1201 и регионалниот пат Р2243 и представува опасна зона за движење на возилата поради големиот број комфликтни точки 32, поради кое има голем број на сообраќајни незгоди, и при зголемен број на возила по главниот патен правец Р1201 нема можност возилата од споредниот патен правец Р2243 да се приклучат на главниот патен правец па се прават колони од возила и по неколку стотини метри особено во летниот период на споредниот патен правец;
- трокрака крстосница се наоѓа на западната страна на излез од Градот Струга према граничен премин Ќафасан, на која крстосница се вкрстосува магистралниот пат А2 Струга-Ќафасан и улицата Маршал Тито и представува опасна зона за движење на возилата поради големиот број комфликтни точки 9, поради кое има голем број на сообраќајни незгоди, и при зголемен број на возила по главниот патен правец (магистрален пат А2) нема можност возилата од споредниот патен правец (улицата Маршал Тито) да се приклучат на главниот патен правец.

Општината спровела постапка и склучила договор за Изградба на два кружни текови и реконструкција на дел од улица Пролетерски Бригади[11], со вкупна вредност од 40.000 илјади денари со ддв, со рок на изведба 90 дена и времетраење на договор 1 година. Договорот се однесува за:
- позиција 1, предмер пресметка на работите на кружна крстосница на Магистрален пат А2 Струга -Ќафасан и улица Маршал Тито во износ од 14.703 илјади денари;
- позиција 2, предмер пресметка на работите на кружна крстосница на регионален пат 1201 Струга - Дебар и регионален пат Р2243 во Општина Струга, во износ од 7.703 илјади денари, и
- позиција 3, реконструкција на дел од улица Пролетерски Бригади, во износ од 17.594 илјади денари.

По овој договор делумно изведени се работи само од позиција 3 во вкупен износ 4.810 илјади денари по прва времена ситуација за Изградба на дел од улица Пролетерски Бригади. За изградбата донесено е Одобрение за градење[12], согласно Основен проект техн бр 2/12-2 од април 2012 година.

Со реализација на проектот за реконструкција на постојна четворокрака крстосница во кружна крстосница помеѓу регионалниот пат Р1201 (Струга-Дебар) и регионалниот пат Р2243 (спој со регионален пат Р1201 - с. Дрслајца во Општина Струга) и проектот за реконструкција на постојна трокрака

[11] Договор за изведа бр. 15-1337 од 16.04.2018 година
[12] Одобрение за градење бр. бр 09-4981 од 05.08.2014 (правосилно од 20.08.2014)

крстосница во кружна крстосница помеѓу магистрален пат А2 Струга-Ќафасан и улица Маршал Тито во Град Струга (која е во опфатот на ГУП-от), не е почнато поради тоа што сеуште не е добено Одобрение за градење од страна на МТВ (процедурата е во тек). ЈП за државни патишта дала согласност[13] за изградба на двете кружни крстосници.
Во писменото известување ЈП се оградува од секаква финансиска обврска за реализација на овие проекти, вклучувајќи ја и експропријација на земјиштето, не сноси никаква одговорност во случај на појава на било каков судски спор во врска со решавањето на имотно правните односи со сопствениците, корисниците, како и евентуално направени штети кон трети лица, во однос на безбедноста и сигурноста во сообраќајот за време на изведување на работите.

Согласно Законот за јавни патишта Државен пат е јавен пат категоризиран како автопат, експресен пат, магистрален и регионален пат од прва и втора категорија. За вршење на работите кои се однесуваат на управувањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта надлежно е ЈП за државни патишта.
Изградбата на државен пат може да ја врши покрај Јавното претпријатие и друг инвеститор, по позитивно мислење од Јавното претпријатие и по добиена согласност од Владата на РМ.

Во услови кога сметката на Општината е блокирана, преземање на обврски за Изградба на дел од државен пат постои ризик од непредвидени финансиски обврски при реализација на овој проект.

5.2. За решавање на проблемот со градската депонија во Струга, Општината покрај тоа што врши редовно одржување на депонијата за отпад (работа со булдожер, вградување на тампон и чуварска служба), Општината презела повеќе активности и тоа:

За компресирање и транспортирање на смет отворена е наменска сметка и обезбедени се вкупно 24.000 илјади денари и тоа:

- со Одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на РМ за 2017 година од Владата на РМ на 31.12.2017 година на Општина Струга и се доделени средства во износ од 12.000 илјади денари;
- согласно склучен договор бр. 05-463/3 од 17.07.2018 година од МЖСПП на 28.08.2018 година добиени се 12.000 илјади денари.

Спроведена е отворена постапка која е делива во три дела и склучени се договори за:

[13] Известување бр. 10-2727/2 и 10-2728/2 од 05.03.2018 година

- изградба на претоварна станица за комунален отпад (уредување на локацијата и изработка на рампа), склучен е договор бр. 15-1649 од 14.05.2018 на износ од 4.129 илјади денари;
- набавка на опрема и инсталација на претоварна станица за отпад со капацитет од 45 тони/час, склучен е договор бр. 15-1649 од 21.05.2018 година, на износ од 14.514 илјади денари, и
- транспорт на компресиран комунален отпад на релација Струга-Дрисла - Струга, склучен е договор бр.15-1649 од 21.05.2018, на износ од 5.310 илјади денари.

Договорите за: изградба на претоварна станица за комунален отпад (уредување на локацијата и изработка на рампа) и набавка на Опрема и инсталација на претоварна станица за отпад со капацитет од 45 тони/час се реализирани, опремата е инсталирана на влезот од депонијата, извршена е обука на вработените, а на ден 31.08.2018 година извршено е примопредавање на опремата. Опремата се уште не е ставена во функција, не се врши транспорт на сметот, а договорот за транспорт е со изминат рок на важност. Имено избраната фирма за транспорт упатила барање до Дрисла - Скопје ДОО Скопје за депонирање на мешаниот комунален отпад, но со Известување од 08.10.2018 барањето е одбиено од Дрисла - Скопје, со образложение дека не е во можност да го прими истиот поради исполнетиот капацитет на депонијата и техничкиот проблем на машините.

Согласно договорот за набавка на опрема и инсталација на претоварна станица за отпад со капацитет од 45 тони/час, носителот на набавката е должен да ја сервисира опремата во гарантниот период кој изнесува 12 месеци и има обврска да располага со резервни делови најмалку 4 години од реализација на проектот. Нерешениот проблем со преработка на комуналниот и друг отпад доведува до постоење на ризик од истекување на гарантниот период за сервисирање на опремата и поминување на рокот во кој може да се обезбедат резервни делови за набавената опрема.

ОПШТИНА СТРУГА
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 313.414 | 263.813 |
| **Вкупно приходи** | | **313.414** | **263.813** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 77.597 | 78.280 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 452 | 728 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 94.696 | 87.079 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 51.223 | 24.504 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 466 | 332 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **224.434** | **190.923** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 88.980 | 72.890 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **88.980** | **72.890** |
| **Вкупно расходи** | | **313.414** | **263.813** |

ОПШТИНА СТРУГА

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | **4.1.1.** | 320.707 | 243.369 |
| Залихи | **4.1.2.** | 83 | 100 |
| **Вкупно тековни средства** | | **320.790** | **243.469** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | **4.2.1.** | 122.164 | 113.556 |
| Материјални средства во подготовка | **4.2.2.** | 9.142 | 9.142 |
| **Вкупно постојани средства** | | **131.306** | **122.698** |
| **Вкупна актива** | | **452.096** | **366.167** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | **4.3.1.** | 314.768 | 237.440 |
| Краткорочни финансиски обврски | **4.3.2.** | 151 | 205 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | **4.3.3.** | 5.787 | 5.724 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **320.706** | **243.369** |
| **Долгорочни обврски** | | | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | **4.4.1.** | 131.390 | 122.798 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **131.390** | **122.798** |
| **Вкупна пасива** | | **452.096** | **366.167** |

ОПШТИНА СТРУГА
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | **122.698** | **100** | **122.798** |
| **Зголемување по основ на:** | **10.675** | **3.164** | **13.839** |
| Набавки | 10.675 | 3.164 | **13.839** |
| **Намалување по основ на:** | **2.066** | **3.181** | **5.247** |
| Отпис на капитални средства | 2.066 | 3.181 | **5.247** |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **131.307** | **83** | **131.390** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N., 6330 STRUGË /
Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 223, 782 015,
Факс/Faks 781 434
web: www.struga.gov.mk
e-mail: kryetari@struga.gov.mk,
info@struga.gov.mk

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Бр. Nr. 03-473/4
27.09.2019
СТРУГА STRUGË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 30.09.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 13-114/8 | | | |

Бр./Nr.

СТРУГА / STRUGË

По добиенот Нацрт Извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година за нашата општина за сметката на органит ја даваме следната забелешка:

За точката 4.1.1 - пописната комисија за извршување на пописот оваа година беше во нов состав кој не ја познава доволно оваа проблематика и не беше доволно стручна, што се одрази на не навременото негово извршување. За наредната година ќе се води сметка за добар состав на пописната комисија.

За точката 4.1.2 - која се однесува за унапредувањата на вработените по однос на интерните огласи во општината објавени во 2018 година сметаме дека наодот напишан на три страни е премногу обемен и тенденциозен. Нашите забелешки за оваа точка се следни:

- дадени се премногу опширни појаснувања на страна 6 и 7, каде детално се опишани општите и посебните услови за пополнување на работни места за соодветно ниво. Овие појаснувања се превземени од законската регулатива-Закон за административни службеници.
- даден е премногу опширен опис на страна 7, за интрените огласи за унапредување кое е превземено од истата законска регулатива.
- даден е повторно широк опис на надлежностите на Агенцијата за администрација и номинирање на нивни членови во Комисијата за селекција и унапредување кој е исто така превземен од Законот за административни службеници.

Според тоа сметаме дека кај овој наод доволно е што се напишани членовите од Законот за администратвни службеници и нема потреба од детален опис.

- На страна 8 е наведена дека укажувањето на ДУИ е "делумно само за раководните работни места". Истото нема потреба да се наведе бидејќи ДИУ ја преиспитал постапката само за унапреување на раководните работни места како што е побарано во претставката од вработени за кое е изготвен записник.

За овој наод не ни е дадена препорака бидејќи градоначалникот има превземено мерки и тоа: по записникот од инспекторатот поништени се решенијата за унапредување и определување на плата и на одлуките за избор на кандидатите, а исто така превзел мерки и по укажувањата на ревизијата, со тоа што е поднесено барање до комисиите за селекција да се преиспитаат постапките за унапредување на вработените по огласот бр.2, 3 и 4.

За точката 4.2.1 - градоначалникот во соработка со надлежните служби ќе превземе активности за навремено организирање и извршување на пописот за да се обезбеди навремено усогласување на сметководствената и фактичката состојба. Овде сакам да нагласам дека сметководсствената и фактичката состојба се усогласени исто како што е спроведена и амортизација и расход.

За точка 4.2.3 - уште во текот на контролата по укажувањето за несогласувањето од страна на ревизорите се изврши проверка и се констатира дека е грешка во аналитика. Наместо 2201.. и соодветното аналитичко конто беше испечатено на 22009 и соодветното конто. За овие механички грешки се

спореведуваа соодветни мерки уште во текот на контролата и им се презентирани на ревизорите.

За точката 4.2.4 - уште во текот на контролата ги информиравме ревизорите дека софтверите за финансиско работење се набавени од многу поодамна, додека софтверите за даночна евиденција и архивско работење се донации. Со тие фирми имаме потпишано договори за одржување на софтвери.

За точка 4.3.3 - за оваа препорака ќе се постапува во наредниот период.

Сметаме дека ова наше укажување е во ред и истото ќе биде земено во предвид.

Прилог на документи:

- Писмо – Претставка и Записник од надзор.

| ОПШТИНА СТРУГА | KOMUNA E STRUGËS |
|---|---|
| Градоначалник, | Kryetar i komunës, |
| Д-р Рамис Мерко | Dr. Ramis Merko |

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 30.09.2019 година добиени се забелешки/коментари/известувања на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година од страна на градоначалникот Д-р Рамиз Мерко на Општина Струга број 03-473/4 од 27.09.2019 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број од 13-114/8 од 30.09.2019 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Забелешки на сметката на основниот буџет 637**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.** која се однесува на разгледување и усвојување на Извештајот за попис кој е усвоен со задоцнување на седница на Советот на 16.04.2019 година по усвојувањето и доставувањето на завршната сметка до надлежните институции, **претставува известување** за причините кои довеле до истато.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2.** која се однесува на спроведени постапки за унапредување на административни службеници по интерните огласи објавени во 2018 година, дека наодот е премногу обемен со широк опис на законската регулатива и тенденциозен, **не се прифаќа**. Имено, согласно методологијата за работа на Државниот завод за ревизија за секој критериум е неопходен опис кој е содржан во законската регулатива.
   Вториот дел од забелешката е за истиот наод на страна 8 (последна алинеа од извештајот) и се однесува за делот „ со оглед на тоа што укажувањето на ДУИ е делумно само за раководните работни места“, **се прифаќа**, од причина што станува збор за повторување на веќе наведена состојба во претходната алинеја од извештајот. Во Конечниот извештај оваа констатација ќе гласи „од страна на ревизијата е укажано да се преиспита веродостојноста на податоците на сите унапредувања по однос на интерниот оглас 2, 3 и 4/2018. Од страна на Градоначалникот на Општината преземени се мерки и отпочнати се активности со цел надминување на утврдените состојби, односно до комисиите за селекција и унапредување на административните службеници доставено е итно барање за

преиспитување на постапките за унапредување по однос на споменатите интерни огласи".

3. Забелешката на констатираните состојби во **точка 4.2.1.** која се однесува на пописот на средствата и изворите **претставува известување,** дека градоначалникот во соработка со надлежните служби ќе преземе активности за навремено организирање и извршување на пописот за да се обезбеди навремено усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точка 4.2.3.** која се однесува на неусогласеноста помеѓу синтетичката и аналитичката евиденција и дека станува збор за грешка во аналитиката, **не се прифаќа** од причина што за време на ревизијата и со забелешката не е доставен доказ дека се преземени мерки и дека истото е исправено.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точка 4.2.4.** која се однесува за набавените софтвери: со образложение дека софтверите за финансиското работење се набавени од многу поодамна, софтверите за даночната евиденција и архивското работење се донации, а со фирмите има склучено договори за одржување на софтверите, **не се прифаќа,** од причина што во наодот станува збор за нивно неевидентирање во сметководствената евиденција.

6. Забелешката на констатираните состојби во **точка 4.3.3.** која се однесува на несоодветните исплати по Програмата за активностите од областа на социјалната заштита, **претставува известување** дека по дадената препорака ќе бидат преземени мерки и активности во наредниот период.